

Гордана Димовска

Крај изворот стар

Девојка вода лееше

Бело лице миеше,

Тажна песна тивко пееше.

Погледот и сјаеше

Косата златна свила

Од ветерот се вееше.

Ах мил мој каде си?

Овде се сретнавме за првпат,

Овде наши погледи се вкрстија

Замина и не се врати.

Јас дојдов, тука сум

Крај изворот од кој бистра вода тече

Но мене мислата се уште кон тебе ме влече.

Тука си пак лице измивам,

Тука си солзи пролевам,

Тука си маки искажувам за времето минато.

Тука сум жалам и пекам

За младоста залудно помината

И пак моето срце само за тебе чука

Дојди, крај изворот те чекам.